5406

PRES-SERVIS
NOVINSKO-IZDAVAČKO PREDUZEĆE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihailova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account 608-1-251-1

X 5406

НОВА МАКЕДОНИЈА 14. II 1968



Емилио Греко: „ЖЕНСКА ФИГУРА“, (акватинта), од збирката на Музејот за современа уметност — Скопје

## НАЈСКАПИТЕ ДЕЛА ВО МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ

Музејот на современата уметност има 1.679 уметнички дела. Но едно е најскапо: „Портретот на жена“ од Пабло Пикасо, кое во 1965 година во Париз беше проценето на 12,5 милиони стари франкови (околу 30 милиони стари динари). На таа сума сликата беше осигурена за нејзиното прикажување во Загреб. Второто дело, оценето на милионска вредност (9 милиони с. дин.), е „Т—64 слика од Ханс Хардунг.

Најголем број свои дела на Музејот му подари Петар Лубарда. Овој уметник на Муезјот му подари 32 дела од изложбата што беше прикажана во Ниш. Поголеми збирки на свои дела уште подарија Ханс Хартунг и Ана Ева Бергман од Париз по 13 слики и графики, потоа Мариа Бономи од Бразил,

# Значајна институција во ликовниот живот

### Четири години на Музејот за современа уметност

На 12 февруари 1964 година во Скопје беше основан Музејот на современата уметност, како потреба за чување и научно прикажување на уметничките дела кои му беа подарени на градот по катастрофалниот земјотрес од јули 1963 година.

По повод — 4 годишнината од основањето на оваа институција, директорот на Музејот Борис Петковски одржа конференција за печатот, радиото и телевизијата.

На почетокот од своето излагање Борис Петковски рече дека уште пред катастрофата од 1963 година Скопје ги имаше сите елементи да стане развиен ликовен центар: на разновидни начини беше прикажувана современата уметност во Уметничката галерија, Уметничкиот павилјон и Работничкиот дом. И уште тогаш Секретаријатот за култура се носеше со мисла за организирање на една установа што ќе ја презентира исклучиво современата уметност. Кога по земјотресот дојде помош и во уметнички дела и кога собирната акција за уметнички дела и во земјата и во странство доби поорганизиран карактер, (односно по апелот на италијанските уметници на конгресот на светската организација на пластични уметности во Њујорк, во 1963 година, во некои земји, како во Италија и Франција, се формираа комитети низ кои се одвиваше оваа собирна акција). Градското собрание сметаше дека има елементи кон оваа иницијатива да се пристапи подостојно.

По формирањето задача на Музејот беше: естетска и визуелна култура на средината во која дејствува. што ќе рече — поголема амбиција во оспособувањето на личноста за примање на се́ што е пластика, потоа подигање на новото на културата во средината во која дејствува. Според овие задачи се одвива и дејствувањето на установата. Годинава дејноста е проширена и на прикажувањето на дела од применетата уметност. Во програмата за работа на Музејот е да собира документација, систематски да ја прикажува колекцијата, да организира големи поединечни, ретроспективни и групни иложби на ликовната и применетата уметност. Досега има прикажано 28 самостојни изложби и 40 групни. Планирани се и придружни дејности: да се отвори катедра за ликовна уметност, студио за филмови, рецитали на поезија, концерти на музика. Имено, замислено е Музејот да биде центар на поширокo дејствување отколку што е музоелошкото.

На прашањето — дали собирната акција продолжува, директорот на Музејот Борис Петковски истакна дека продолжува но дека е ослободена од сентименталноста во приодот. За Музејот дарителите се многу поважни од самите подароци: тоа е заради контактот што е воспоставен со нив и затоа што може подолго да се чувствува нивното културно зрачење.

На прашањето: дали има откупи, Борис Петковски рече дека откупите од македонски уметници се вршат со посебна динамика. Издавачката дејноćт, што се одвива преку каталози и билтени, исто така, има свое место во целокупната дејност на Музејот. Овие изданија се печатат на македонски и на еден странски јазик. Сега сме предложиле и еден зборник на Музејот во кој би биле поместени поамбициозни научни студии за одделни појави во македонската современа уметност.

Борис Петковски зборуваше и за сместувачките и за излагачките простории на Музејот, сегашни и идни. Сега административните се во бараки, депоата во една ѕидана зграда на Илинденска улица, изложбените — салонот на улица Ѓуро Салај. Работејќи во вакви услови Музејот во 1965 година доби Ноемвриска награда, а во 1966 година наградни средства од основачот за надминатата работа. Идните простории на Музејот ќе бидат на Кале, во зграда што ја проектираа полските архитекти Клишевски, Микшитски. Вјежбитски. Зградата ќе има 4,800 квадратни метри а изградбата ќе почне во јуни годинава. Средства за изградбата веќе се обезбедени и се очекува по две години да заврши изградбата. Новата зграда на Музејот ќе овозможи доста добро презентирање на колекцијата и организирање на големи ликовни манифестации.

## НАЈГОЛЕМА — ФРАНЦУСКАТА КОЛЕКЦИЈА НА УМЕТНИЧКИ ДЕЛА

**Еден мал преглед низ каталозите на Музејот за современата уметност дава можност да се види и која колекција, според националноста на која и припаѓа, е најбогата. Прва е француската колекција (170 дела од 80 автори), потоа италијанската (160 дела од 130 автори), па полската (140 дела од 98 автори) и чешката (132 дела од 74 автори).**

**Југословенската колекција има многубројни дела: 400 слики, графики и скулптури од 212 ликовни уметници. Во рамките на оваа колекција најголема е хрватската, па словенечката, српската. Од македонските уметници само 20-мина имаат подарено дела на Музејот.**

**Чехословачката колекција е мошне репрезентативна. Како што ни беше речено во Музејот за современата уметност, Националната галерија од Прага се интересираше за кој уметник Музејот е заинтересиран за да може да испрати негови дела.**